Fighting false news narratives




# ИНФОРМАЦИСКО НАРУШУВАЊЕ И РУСКИ ДЕЗИНФОРМАЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРИ ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ИНЦИДЕНТОТ ВО ЦРНОТО МОРЕ ПОВРЗАН СО БРИТАНСКИОТ ВОЕН БРОД ДЕФЕНДЕР

Септември 2021

# СОДРЖИНА

4 КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ДЕЗИНФОРМАЦИЈАТА ОД РУСИЈА И ИНФОРМАЦИСКОТО НАРУШУВАЊЕ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАСТАНОТ ВО ОНЛАЈН ИНФОРМАЦИСКИОТ ПРОСТОР НА 23 И 24 ЈУНИ

7 КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ДЕЗИНФОРМАЦИЈАТА ОД РУСИЈА И ИНФОРМАЦИСКОТО НАРУШУВАЊЕ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАСТАНОТ ВО ОНЛАЈН ИНФОРМАЦИСКИОТ ПРОСТОР ВО ПЕРИОДОТ ОД 25 ДО 26 ЈУНИ

© 2021 Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи (FN)

**Директни прашања до:** Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи (FN)
Париска 12, 1020 Скопје
Република Северна Македонија
**E-mail:** most@most.org.mk
**Програмски менаџер и уредник:** Росана Алексоска
**Автори:** Росана Алексоска и Дарко Алексов
**Дизајн:** Марина Стојмирова
**Извор за фотографијата на насловната страница:** royalnavy.mod.uk

Мислењата, наодите и заклучоците или препораките искажани во оваа студија се на спроведувачите/авторите и не мора да значи дека ги одразуваат оние на донаторите на проектот FN.

Тимот на ФН анализираше вкупно **127 статии кои се дел од "првиот бран" (дез)информации** поврзани со настанот и објавени на 23 и 24 јуни 2021. Статиите беа добиени преку DebunkEU, но исто така и преку агрегаторите time.mk и grid.mk, како и преку пребарувачот Google.

Генералниот дезинформативен наратив којшто доминираше во пренесувањето на овој настан во Северна Македонија на 23 и 24 јуни беше дека "*британската влада го направила тоа намерно и дека Русија е воено надмоќна и дека имала целосно право да ја брани својата суверена територија*". Овој дезинформативен наратив ја релативизира нелегалната анексија на Крим од 2014 година и воените конфликти кои што следеа, без никакво почитување на меѓународното право, со дезинформативниот наратив "*Украинските води се руска територија и тоа не може и не смее да се оспорува*", проследен со "*Русија е еднаков играч на меѓународната сцена*". Дезинформативниот наратив за "*воената надмоќност на Русија*" којшто постојано се пласира во јавноста, исто така беше забележан на следниов начин: "*Русија е спремна да нападне странски воени бродови користејќи дипломатски, политички и воени средства*"; "*Следниот пат бомбите ќе ја погодат целта, не правецот на движење*"; "*Русија употребува ловец-бомбардер СУ-24М за да предупреди брод на Британската кралска морнарица дека нелегално навлегол во руски води*".

Статиите објавени на 25 и 26 јуни, се однесуваа на два клучни настани/изјави:

(1) Изјавите на началникот на Британската кралска армија, Ник Картер – статиите кои се појавија во македонскиот онлајн простор претставуваат комбинација од статија објавена на 23 јуни и од неговата втора изјава дадена на 25 јуни.

Како извор на македонските портали се наведени "*британски новински агенции*". Сепак, овој наратив започна на 25 јуни од страна на руските медиуми. Ова претставува вообичаена техника која Русија и проруските портали во Северна Македонија ја употребуваат, односно објавуваат сегменти од одредени руски наративи неколку дена откако дезинформацијата првично ќе биде објавена во руските медиуми. Во рамките на овие статии постои тенденција да се нагласува фразата "*Велика Британија призна*", повикувајќи се на делови од изјавата на Картер. Оваа тенденција се надоврзува на претходните намери на Русија да ја претстави Велика Британија како "*одговорна за провокациите*".

(2) "Вестите" дека „Во услови на зголемени тензии со Велика Британија, Русија започнува големи воени вежби во Средоземното Море".

**Заклучок: Во периодот 23-26 јуни, руските дезинформации за настанот беа присутни во Северна Македонија, користејќи различни техники, како на пример извртување и манипулирање на изворите, со цел дезинформативниот наратив да остане присутен во онлајн просторот.**

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ДЕЗИНФОРМАЦИЈАТА ОД РУСИЈА И ИНФОРМАЦИСКОТО НАРУШУВАЊЕ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАСТАНОТ ВО ОНЛАЈН ИНФОРМАЦИСКИОТ ПРОСТОР НА 23 И 24 ЈУНИ

На 14 јуни 2021, два воени бродови на НАТО, британскиот Дефендер и холандската фрегата Евертон запловија во Црното Море, со што го разоткрија фактот дека имало значително присуство на руски вооружени сили во регионот на Крим за да го следат движењето на овие два брода, и сите други активности генерално.

На 23 јуни 2021, британскиот разурнувач Дефендер исловил од Одеса и бил следен од страна на брод на руската крајбрежна стража, како и од значителен број на авиони. Во вакви случаи, доколку земјите немаат билатерални договори, се постапува според морското право кое треба да се почитува од сите страни вклучени во поморските активности.

**Морското право** предвидува дека премин може да се изведе во крајбрежните води на која било крајбрежна држава, доколку движењето се одвива според правилата пропишани со ова право. Евидентно е дека Дефендер ги следел сите правила пропишани со ова право, чија што конвенција била потпишана од најголемиот број земји-членки на Обединетите Нации, вклучувајќи ја и Русија, како дел од напорите на ОН да ги натера земјите-членки да се придржуваат до унифицирани правила при пловење низ морето.

- **Бродовите треба да користат легално признати бродски линии:** Дефендер пловел низ легално признатa бродска линија.
- **Преминот треба да биде без последици за редот, мирот или безбедноста на крајбрежната држава:** преминот на Дефендер бил без последици за редот, мирот или безбедноста на крајбрежната држава, којашто во овој случај, имајќи ја предвид нелегалната анексија, не се смета за руска територија.
- **Преминот треба да биде изведен без запирање (освен во случај на договор со крајбрежната држава за користење на пристаниште како точка за запирање) и без промена на курсот:** Дефендер не ја запрел својата пловидба, напротив, се движел со константна брзина и без промена на курсот.
- **Преминот не мора да и биде најавен на крајбрежната држава:** Дефендер немал потреба да го најави својот премин бидејќи тоа не е задолжително според морското право.
- **Преминот не треба да го загрозува морскиот свет, животната средина, важна инфраструктура или да се меша во било какви поморски работи или истражувања:** Во текот на својата пловидба Дефендер не го загрозил морскиот свет, животната средина или важна инфраструктура, како на пример кабли, гасоводни цевки итн.

На денот кога се случи настанот, **Би-би-си објави видео запис** преку дописникот Џонатан Бил (којшто покрива прашања поврзани со одбраната) кој беше присутен на Дефендер, кадешто во видео со времетраење од 5 минути беа споменати повеќе податоци поврзани со пловидбата. Повеќето од горенаведени поенти беа уредно прикажани и објаснети во видеото. Исто така, дописникот Бил поставува прашања до вишите офицери на палубата кои едногласно изјавуваат дека тие води не и припаѓаат на Русија, и дека само Русија ги смета за свои, како и дека Британската кралска морнарица ја смета пловидбата како да е спроведена низ украински води.

**Најважните поенти од видеото на Би-би-си кои не беа земени предвид од ниту еден порталите коишто го нарушија информацискиот простор во Северна Македонија, се следните:**

1. Дефендер користел легално призната бродска линија.
2. Дефендер ги сметал водите за украински и поради тоа бил планиран премин.
3. Целта на преминот била да се потенцира дека тие води не и припаѓаат на Русија. Оттука, Русија нема право да предупредува, брани или да напаѓа кого било во тие води.
4. Екипажот и вишите офицери на Дефендер биле уверени дека преминот ќе помине без последици, но прифаќајќи го и предвидувајќи го фактот дека Русија ќе има агресивен пристап за време на преминот.
5. Како земја-членка на НАТО, Велика Британија има должност да ги повика на одговорност државите коишто не го почитуваат меѓународното право и истото е направено на транспарентен начин.
6. Кралската морнарица и Велика Британија се подготвени да ја предупредат Русија да се придржува до меѓународното право.

Имајќи предвид дека ниту една од овие точки не беше потенцирана во статиите кои беа анализирани, може да се заклучи дека главниот наратив беше промовиран главно преку извртување на фактите и занемарување на британската страна, а тој гласи: "*Дефендер ја испровоцирал руската морнарица со запловувањето во водите на Крим*", којшто пак ја наметнува поентата дека "*руската морнарица има целосно право да го брани својот суверенитет*" и дека „*тие води всушност и припаѓаат на Русија*."

Уште еден интересен момент при анализирање на наративите беше тоа што некои од порталите продуцираа идентични статии во кои тврдат дека кралската морнарица била свесна дека ќе дојде до реакција од страна на Русија и дека преминот бил направен намерно.

Наративите "*Британската влада лаже*" и "*Кралската морнарица го направила преминот намерно*" произлегоа од изјавата на портпаролот на руското Министерство за надворешни работи, Марија Захарова – "*Кој лаже?*". Во нејзината

објава на Телеграм, Захарова посочува дека постои недвосмислена изјава од страна на репортерот на Би-би-си дека Дефендер го изведува својот премин намерно и дека Британската влада лаже. Британската страна, како и објаснувањата произлезени конкретно од овој сегмент на настанот, не беа пренесени од страна на порталите во македонскиот медиумски простор. Објавата на Захарова на нејзиниот Телеграм профил е во 17:49 часот според македонско локално време, додека пак од 18:40 часот порталите во Северна Македонија започнуваат да објавуваат статии во коишто ја нагласуваат дезинформацијата дека "*Дефендер го направил својот премин намерно со цел да ја испровоцира Русија*". Порталите кои што објавија вакви статии не ја цитираат Захарова како извор, но сепак ја искористиле поентата од нејзината објава. Статиите го занемариле фактот дека територијата е спорна и дека Дефендер не го прекршил меѓународното право. И покрај тоа, скоро сите портали кои што ја објавија оваа дезинформација го користеа наративот дека "*дописникот на Би-би-си, Џонатан Бил, потврдил дека Дефендер преминот го направил намерно, при што биле свесни дека може да испровоцираат инцидент*", кое што претставува извртување на фактите и користење на полувистини со цел да се изманипулира јавноста.

Извртувањето исто така придонесува за глорифицирање на „*руската воена надмоќ*", а со самото тоа што оваа територија ја смета како руска, ги прави целосно ирелевантни и неважни прашањата за украинските води и почитувањето на меѓународното, односно морското право.

Тимот на ФН анализираше вкупно 127 статии кои што се однесуваат на овој настан и се објавени на 23 и 24 јуни. Беше анализиран начинот на пренесување на настанот, односно дали статиите го пренесуваат ставот на двете страни, кој е изворот на статијата, како и дали таа јасно го прикажува видеото емитувано од страна на Би-би-си. Следниве статистички податоци се вредни да се споменат:

Означувањето на статиите врз основа на содржината покажа дека дезинформацијата од Русија беше забележана во скоро 70% од статиите, додека пак претставувањето на фактите од страна на Велика Британија беше забележано во околу 30% од статиите. Само 5 статии/анализи беа означени како неутрални.






Уште еден интересен податок претставува потеклото на изворот, односно дали станува збор за руски или британски/европски извор. Се покажа дека дури 74 статии, односно скоро 60% се само со руски извор. Само 24 или 19% се само со британски извор. Извори од двете страни (повеќе извори) се забележани во 24 или 18,9% од статиите. Во дел од прилозите британските извори се изврטени или манипулирани во прилог на рускиот наратив.

Според оваа статистичка анализа можеме да заклучиме дека при информирањето за настанот била фаворизирана руската страна. Руските извори ТАСС и Интерфакс доминираа во онлајн просторот, заедно со изјавите од разни руски официјални лица. Исто така, може да се заклучи дека изјавите беа навредливи кон Западот и дека во некои од нив може да се препознаат отворени закани кон Велика Британија и западните сојузници, што претставува уште еден аргумент за промовирање на руската воена надмоќ. Една од најзагрижувачките перспективи (која што за жал претставува придобивка за Русија од овој инцидент) што произлегоа од начинот на кој што мнозинството портали во Северна Македонија го пренесоа настанот, беше тоа што прашањето за спорните води на Крим повеќе не постои. Напротив, прашањето е кој ја испровоцира Русија и нејзиниот суверенитет, и колку Русија е моќна.

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ДЕЗИНФОРМАЦИЈАТА ОД РУСИЈА И ИНФОРМАЦИСКОТО НАРУШУВАЊЕ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАСТАНОТ ВО ОНЛАЈН ИНФОРМАЦИСКИОТ ПРОСТОР ВО ПЕРИОДОТ ОД 25 ДО 26 ЈУНИ

- Статиите објавени на 25 и 26 јуни се однесуваа на два клучни настани/изјави: (1) Изјавите на началникот на Британската кралска армија, Ник Картер – статиите кои се појавија во македонскиот онлајн простор претставуваат комбинација од статија објавена на 23 јуни и од неговата втора изјава дадена на 25 јуни. Како извор на македонските портали се наведени “*британски новински агенции*”. Во овие статии постои тенденција да се нагласува фразата “*Велика Британија признa*”, која се однесува на делови од изјавата на г. Картер. Оваа тенденција пак се надоврзува на претходните намери на Русија да ја претстави Велика Британија како “*одговорна за провокациите*.”

Генералот Картер, како началник на Британската кралска армија, често зборува за заканите коишто доаѓаат од Русија, дефинирајќи ги како злонамерни и опасни. Исто така, во неколку наврати генералот Картер има зборувано за тоа колку голема закана претставува Русија за НАТО како алијанса, како и за нејзините членки. Се чини дека порталите во Северна Македонија ја злоупотребиле неговата изјава, така што делот „*погрешна пресметка произлезена од неоправдана ескалација*“ е пренесен со следниов наслов: “*Можеше да се случи војна со Русија*”, кадешто неговата изјава е претставена на начин како тој да ја обвинува својата армија за инцидентот. Всушност, кога генералот Картер изјавува „*погрешна пресметка произлезена од неоправдана ескалација*“ се осврнува на Русија и на нејзиното непочитување на меѓународното право, како и на нејзината непредвидливост кога НАТО и други земји преземаат мерки согласно правото.
(2) “Вестите” дека „Во услови на зголемени тензии со Велика Британија, Русија започнува големи воени вежби во Средоземното Море, објавени од страна на проруски портали имаат за цел да ја прикажат Русија како воено супериорна и како држава којашто не треба да биде предизвикувана, со што наративот се одржува во живот и циркулира. Повторно зајакнување на наративот за “Руската воена супериорност”.